Врз основа на член 52 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), а врска со член 24 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 124/15 и 65/18) и член 8 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија” бр. 101/2019), Министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
09
Бр.-Nr. 12-5281/1
17-07 2026 20 ___ год.-v.
СКОПЈЕ - SHKUP

## РЕШЕНИЕ

## за овластување на административен службеник за потпишување на акти по основ на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Административен службеник Милена Стојановска, Советник преведувач, Одделение за протоколарни и организациони работи и јазична редакција, Сектор за координација на работата на Министерот се овластува да изготвува и потпишува акти по основ на барања што се однесуваат на слободен пристап до информации од јавен карактер.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

3. Со денот на влегување во сила на ова решение, престануваат да важат сите претходно издадени решенија за оваа намена.

### Образложение

Согласно на член 8 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, секој имател на информации за посредување определува едно или повеќе службени лица при остварување на правото за слободен пристап на информации од јавен карактер а согласно член 24 од Законот за општа управна постапка, јавен орган постапува преку овластено службено лице.

Согласно член 52 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа, министерот може да овласти административен службеник да потпишува акти, да решава за определени прашања и да врши други работи од надлежност на министерството, освен за акти и работи кои се во исклучива надлежност на Министерот.

Согласно горенаведеното се одлучи како во депозитот на ова решение.

Министер

Izet Mexhiti

Изработил: Магдалена Цветкоска

Контролирал/ Одобрил: Билјана Тешева Ѓорѓиевска

Доставено до:

- именуваната
- архива